Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 94, 7 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научна област економски развој на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научното поле/област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент за научната област фитопатологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 30

**РЕФЕРАТ** за збор на наставник од наставно-научната област метода на анализа на структура и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси“ на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 35

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент (специјалист) за наставно-научната област ортопедија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Реконструирање на рудниците за олово и цинк во Косово” од кандидатот м-р Ферат Шаља, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 43

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Трудово право“ (скрипта) од авторите доцент д-р Андон Мајхошев и доцент д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 47

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 51

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија“ на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 55

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија“ на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Производство, преработка и обработка на месо“ од проф. д-р Ацо Кузелов, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ... 59

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 62

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕРАБОТКА И ОБРАБОТКА НА МЕСО“ ОД ПРОФ. Д-Р АЦО КУЗЕЛОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката број 1802-2961/4 од 71. седница на Наставно- научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 8.10.2012 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Митре Стојановски, редовен професор на Факултет за биотехнички науки при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола;
– проф. д-р Стевче Пресилски, редовен професор на Факултет за биотехнички науки при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола;
– проф. д-р Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

За изготвување на извештај – рецензија за приложениот ракопис „**ПРОИЗВОДСТВО, ОБРАБОТКА И ПРЕРАБОТКА НА МЕСО“** од авторот вон. проф. д-р Ацо Кузелов, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

При прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Предметот Месо и преработки од месо се слуша во VII семестар во модулот Општа насока, со неделен фонд на часови 2+2+2 и во модулот Преработка на анимални производи со неделен фонд на часови 3+2+2 на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Приложениот ракопис е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за предметот Месо и преработки од месо, според наставната содржина на предметот, а се однесува на теоретската и практичната реализација на наставната програма.

Изнесената проблематика за производството, обработката и преработката на месо е усогласена според барањата за реализација на ЕКТС системот.

Ракописот „Производство, обработка и преработка на месо“ содржи 559 страници во кои се обработува Производството, обработката и преработката на месото, кои се систематизирани во три дела и тоа: прв дел кој ја обработува проблематиката за производство на месо во кој се опфатени следните тематски содржини и тоа: 1. Значење на месото во исхраната на луѓето, 2. Објекти на индустријата за месо – кланици, 3. Превоз и подготовка на добитокот за колење, 4. Технолошки операции во процесот на колењето, 5. Месо - поим и дефиниција; 6. Машини и алати во индустријата за месо, 7. Месо во трупови и полутки, 8. Класирање на месото, 9. Микробиологија на месо, 10. Ладење на месото,11 Зреење на месото, 12. Методи за омекнување на месото, 13. Продолжување на трајноста на свежото месото, 14. Расипување на месото.

Во вториот дел, кој ја обработува проблематиката за обработката на месото, се опфатени следните тематски содржини: 15. Смрзнување на месото; 16. Расекување, категоризација и откостување на месото; 17. Пакување на свежото месо.

Во третиот дел, кој ја обработува проблематиката на преработката на месо, се опфатени: 18. Солењето и саламурењето на месото, 19. Ситнењето на месото; 20. Додатоци, 21. Конзервирање на месото со топлина, 22. Конзервирање со димење и сушење, 23. Колбаси, 24. Сувомесни производи, 25.Производство на конзерви од месо, 26.Микробиологија на производите од месо, 27. Теоретски основи на квалитетот на производите од месо, 28. Технолошка контрола на производите од месо.

Тематските содржини се дадени според логичниот редослед при процесот на производство, обработка и преработка на месо, започнувајќи со значењето на месото во исхраната на луѓето, завршувајќи со технолошката контрола на производите од месо.

Во воведот авторот дава краток историски развиток на производството обработката и преработката на месо. Во првиот дел авторот го објаснува значењето на месото во исхраната на луѓето, објектите за производство на месо – кланици, покрај кланиците авторот го објаснува превозот и начините на превозот на добиток од фарма до кланица. Во понатамошното изнесување на проблематиката дава опис на технолошките операции во процесот на колење и примарна обработка на труповите од закланиот добиток, хистолошката градба на месото, хемискиот состав и технолошките особини на месото, категоризацијата на месото, микробиологијата на месото, ладењето на месото, зреењето на месото, методите за омекнување на месото, расипувањето на месото.

Во вториот дел авторот ги објаснува смрзнувањето на месото, расекувањето, категоризацијата и откостувањето на месото и пакувањето на месото.

Во третиот дел авторот ги објаснува солењето и саламурењето, ситнењето на месото, додатоците кои се употребуваат при производство на различни видови производи од месо (адитиви и зачини), конзервирањето на месото со топлина, димење и сушење, теехнолошките постапки при производството на производи од месо.

Во последната тематска содржина авторот ја обработува технолошката контрола на производите од месо. Во поглавјето накратко се изнесени условите, методите, видовите на сензорната анализа и спроведувањето на сензорната анализа.

Материјалот кој е изнесен во ракописот претставува сублимат на најновите научни и практични сознанија во производството, обработката и преработката на месо и како резултат на тоа ги задоволува барањата на неделниот фонд на часови од предавања вежби и теренска настава. Во материјалот проблематиката која се обработува во 28-те поглавја е изнесена на еден јасен и разбирлив начин за студентите и другите заинтересирани страни со цел полесно да се запознаат со колењето и примарната обработка на месото и обработката и преработката на месото.

За полесно совладување на изнесената проблематика авторот дава голем број на слики (100) и шеми (20) за сè што може на сликовит начин да се претстави за полесно да се разбере и запамети од страна на читателот. Во ракописот има голем број на табели (39) за поголема прегледност на бројните податоци кои даваат јасна претстава за соодветната тематика. Авторот дава и голем број практични примери за технологијата при производството на различни видови на производи од месо поткрепени со рецептури (40).

На крајот од ракописот е наведена литературата што е користена при пишувањето на учебникот. За полесно разбирање на употребените кратенки во ракописот е дадено појаснување на истите.

За појасно разбирање на употребените кратенки во ракописот е дадено појаснување на истите.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од напред изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Митре Стојановски, проф. д-р Стефче Пресилски и проф. д-р Рубин Гулабоски се констатира дека ракописот за учебното помагало „*Производство, обработка и преработка на месо*“ пријавен од авторот проф. д-р Ацо Кузелов е напишан на прегледен, јасен и лесно разбирлив стил. Ракописот е поткрепен со многубројни слики, шеми, табели, практични примери и рецептури, со што му се овозможува на читателот полесно ја разбере и совлада оваа материја.

Содржината на ракописот претставува успешен спој на теоретските и практичните сознанија во производството, обработката и преработката на месо. Според сите потребни методолошки елементи, авторот успеал да подготви референтен учебник посветен на комплексните прашања и задачи на производството, обработката и преработката на месо. На крајот, Комисијата има особена чест и задоволство да му препорача на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет **да го прифати рецензираниот ракопис за учебникот „Производство, обработка и преработка на месо“ изработен од авторот проф. д-р Ацо Кузелов да го одобри за користење како основен учебник, да изврши соодветно издавање и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, ракописот да го прифатат како универзитетски учебник**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Митре Стојановски, с.р.**
**Проф. д-р Стевче Пресилски, с.р.**
**Проф. д-р Рубин Гулабоски, с.р.**